РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1511/7
07-09-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 38-та седница одржана на ден 31.08.2026 година донесе:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1511/1 од 18.03.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1511/1 од 18.03.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-1511/1 од 18.03.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на службеното лице _____________ по избор на функцијата член на Совет на _______________.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека _____________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор на функцијата член на Совет на ______________ не поднел изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

07-09-2026

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1511/5 од 20.07.2026 година. Лицето го плати износот на глобата за прекршокот видно од повратницата на која стои потпис.
Истиот во рок го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

По плаќањето на глобата лицето нема доставено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК, по што ДКСК ќе достави укажување до истото за исполнување на обврската согласно член 82 став 1 од ЗСКСИ.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б, помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk